Изработил: Елена Шикулеска

| Недела: 11 Час 1 **Датум :**<br>Број на час **21** | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 2: 9.2 Енергија**<br>Единица:**Час за повторување – топлина и трансфер на топлина** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ: IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** – **Опис** | **Ц/Г/И** | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| 10 | Идентификува и објаснува процеси на трансфер на топлинска енергија преку кондукција, конвекција и ради-јација. | Можам да идентифи-кувам и објаснам процеси на трансфер на топлинска енергија преку кондукција, кон-векција и радијација. | На почетокот на часот ја прегледувам домашната работа ( доколку има ) и ги објаснувам нејасните прашања и задачи. Потоа барам од учениците да ми одговорат на прашањата изучени претходните часови: Што е топлина? Која е единица за топлина? Што е топлоспроводивост (кондукција)? Објасни ја со пример кондукцијата? Дали сите тела еднакво спроведуваат топлина? Што е конвекција, а што радијација? | Ц | | Прашања, Одговор, Дискусија |
| 20 | Толкува резултати користејќи научно знаење и разби-рање, извлекува заклучоци. | Можам да толкувам резултати користејќи научно знаење и разбирање, извлекувам заклучоци. | На учениците им поделувам наставно ливче со прашања на кои тие треба да одговорат. Секој одговара во своето наставно ливче ( околу 20 мин ). По истекот на времето секој ученик го заменува наставното ливче со другарчето до него. | И | **Наставни ливчиња** | Следење на учениците додека работат на наставното ливче |
| 10 | Јасно ги споделува со другите<br>Стекнатите знаења ги применува во нови ситуации | Можам тоа што го знам да го применам во нова ситуација | Секој од учениците има пенкало и врши проверка на одговорите на своето другарче ( одговорите ги соопштува наставникот ) и оценување според бодовната скала дадена на самото наставно ливче<br>На крај наставникот ги забележува резултатите од оценувањето на учениците | И / Г | | Самооценување |

| Организирање: Детали за диференцијација / групи / улога на возрасни (поврзани со активности) | Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| На почетокот на часот се бара кратко повторување/ осврт на материјалот обработен претходните часови. Потоа учениците работат на прашањата од наствните ливчиња. | За учениците кои завршиле им давам дополнителни прашања за топлина и трансфер на топлина | Топлина, Кондукција, конвекција, радијација |

Изработил: Елена Шикулеска

## Наставно ливче – Топлина и трансфер на топлина

1.Што е топлина ?

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________ 5/

2. Топлината ја означуваме со ______, а единица мерка за топлина е _________. 5/

3. Што е кондукција?

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

__________________________________________________ 5/

4. Супстанциите : дрво, стакло, железо, хартија, бакар, сребро, кожа, волна , пластика и воздух групирај ги според топлоспроводливоста (кондукцијата).

а) Добра кондукција : __________________________________________ 5/

б) Лоша кондукција : __________________________________________ 5/

5. Што е конвекција ?

______________________________________________________________________________

________________________ 5/

6. Кај кои агрегатни состојби преносот на топлина се врши по пат на конвекција?

а) тврда, течна и гасовита агрегатна состојба,

б) тврда и гасовита агрегатна состојба,

в) тврда и течна агрегатна состојба,

г) течна и гасовита агрегатна состојба. 5/

Изработил: Елена Шикулеска

7. Внатрешната енергија ( топлината ) од Сонцето на Земјата се пренесува со :

а) кондукција,    б) конвекција,    в) радијација    5/

8. Доплни со загреваат или ладат на празното место :

а) Темните тела побрзо се ____________________ и ______________________    5/

б) Светлите ( белите ) тела побрзо се _________________ и _________________    5/

Бодовна листа

| 45 – 50 | 38 - 44 | 27 - 37 | 15 – 26 | 0 - 14 |
|---|---|---|---|---|
| ( 5 ) | ( 4 ) | ( 3 ) | ( 2 ) | ( 1 ) |